# ИЗВЕШТАЈ

## Родово Одговорен Буџетски форум

## Општина Крива Паланка

**Општина**
Крива Паланка
**Име на координатор/ка:**
Гордана Ристовска
**Модератор/ка:**
Лидија Митовска

**Период на известување:**
15.10-15.11.2024
**Датум на извештај:**
**20.11.2024**

*Забелешка: Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период*

## ПОСТИГНУВАЊА

**1. Форумски сесии**
Во периодот од 15.10 до 15.11.2024 година во општина Крива Паланка се одржаа четири форумски сесии.
**Првата форумска сесија** која се одржа на **18.10.2024 во атриум салата на ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски,, во период од 12 до 15 часот часот и е комбинација од две сесии:**

- **Првиот дел** од форумската сесија всушност е 5-та последователна форумска сесија од форумскиот процес за 2024 година. Запознавање со реализацијата на буџетот на општината заклучно со 30.09.2024 год. и статусот, реализацијата на форумските приоритети од буџетскиот форумски процес за подготовка на буџетот за 2024 година.
- **Вториот дел** од форумската сесија е прва форумска сесија на буџетскиот форум на Општина Крива Паланка во кој е претставен форумскиот процес за подготовка на буџетот на општината за 2025 година.

На сесијата присуствуваа вкупно **72** граѓани од кои **43** жени и **29** мажи, 71 македонец и еден србин.

Модераторот даде краток преглед на буџетскиот форумски процес (фази на 4-те сесии) од минатата година. Го потсети форумот што тоа работеше и сработи минатата година, со посебен осврт на целите, резултатите и форумските одлуки од родово одговорниот буџетски форумски процес за подготовка на буџетот за 2024 година. Со осврт на 4-тата форумска сесија и приоритизацијата на годишните буџетски програми и 40-те граѓански предлози кои станаа дел од годишните општински програми, а со тоа и дел од буџетот на општината за 2024 год. Даде и краток осврт на листата со препораки која беше предадена од форумот до општината која ги содржеше сите предлози од форумот кои останаа надвор од 40-те приоритети. Воедно изрази и голема благодарност до граѓаните кои учествуваа во овој процес работната група, оперативната група и сите кои придонесоа да се заврши успешно целиот процес.

На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно **56** граѓани од кои **42** жени и **14** мажи. Сите учесници беа Македонци. На оваа сесија беа дадени вкупно **43** предлози за пет Програми.

- По Програмата за изработка на урбанистички планови граѓаните дадоа вкупно 10 предлози

од кои 6 се прифатени еден се повторува, а 3 не се прифатени од страна на општината.

- По Програмата за заштита на животна средина, граѓаните дадоа вкупно **10** предлози од кои 6 се прифатени, еден се повторува, а 3 не се прифатени од страна на општината.
- По Програмата за социјална, детска и здравствена заштита граѓаните дадоа вкупно **9** предлози од кои 8 се прифатени, а еден не е прифатен од страна на општината.
- По програмата за економски развој, граѓаните дадоа вкупно **11** предлози од кои 10 се прифатени, а еден не е прифатен од страна на општината.
- По Програмата за млади имаше вкупно **7** предлози од граѓаните од кои 3 се прифатени, а 4 не се прифатени од страна на општината.

На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно **51** граѓанин од кои **33** жени и **18** мажи и тоа 50 македонци и еден ром. На сесијата беа дадени **56** предлози од граѓаните за пет програми.

- По Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа имаше вкупно **12** предлози од граѓаните од кои 8 се прифатени, а 4 не се прифатени од страна на општината.
- По програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во општина Крива Паланка имаше вкупно **12** предлози од граѓаните од кои 5 се прифатени, а 7 не се прифатени од страна на општината
- По Програмата за култура имаше вкупно **14** предлози од граѓаните од кои 10 се прифатени, а 4 не се прифатени од страна на општината
- По Програмата за активности во областа на спортот граѓаните дадоа вкупно **8** предлози од кои 2 се прифатени, 6 не се прифатени..
- По Програмата за образование граѓаните дадоа вкупно **10** предлози од кои четири се прифатени, а 6 не се прифатени.

На **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно **56** граѓани од кои **36** жени и **20** мажи. Каде што сите присутни беа Македонци. На оваа форумска сесија предлозите од граѓаните ќе бидат предмет на приоритизација од форумот. По одржаниот состанок на работната група која беше избрана на третата форумска сесија тема на дискусија беа **вкупно 99 предлози** од кои **7 се повторуваат** (се однесуваат на иста работа), **6 од предлозите не се во надлежност на општината**, а 10 даваат целосна подршка на предлог програмските активности на општината. **Од вкупно 99 предлози, општината прифати 45 (60%) предлози** - проекти да влезат во буџетот за следната година со голема буџетска алокација на средства во истите.

## *1.* АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### 1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)

Во континуитет форумот е модел на носење на програми преку приоритети на граѓаните и е во насока на реализација на капитални, круцијални проекти и истовремено решавање проблеми на граѓаните. Втора година по ред општината самостојно го спроведува процесот на родово одговорен буџетски форум, па така и за 2024 година општината Крива Паланка сама ги започна подготвителните активности за негово успешно спроведување, додека во текот на процесот на 31.10.2024 се одржа и работилница во соработка со UN Women на тема “ **Родово одговорно буџетирање и развивање на родови индикатори за локални програми„**. Работилницата е дел од проектот „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“ каде целна група беа претставници на општинската администрација, интерсекторската група со фокус на раководители на сектори и одделенија, а нејзината цел, да се зајакнат капацитетите на локалната самоуправа за вклучување на родовата перспектива во локалните политики и годишни програми, особено во делот на креирање родово-одговорни индикатори.

Најпрвин беше одреден временскиот период за спроведување на форумскиот процес и тоа од втората половина на месец октомври до првата половина на месец ноември 2024, условен од законскиот рок за усвојување и донесување на општинскиот буџет и годишните програми за 2025 година. Модераторот е сертифициран модератор на ЗЕЛС за Форуми во заедницата, но воедно е и вработено лице во општината, кое од 2018 година наваму ги организира и спроведува – модерира сите форумски процеси во општината, па од таа причина градоначалникот имајќи во своите редови стручно лице со проверена експертиза и искуство, не ја довери работата на друг модератор за кој што општината треба да обезбеди дополнителни средства.

Со Решение од градоначалник за формирање тим на проектот “Родово одговорен буџетски форум 2024” членовите на Оперативната група беа избрани во согласност со потребната структура на ова

тело. Во неа се вклучени координаторот на проектот, назначен од општината, 7 лица од локалната самоуправа, како и лице за односи со јавноста или вкупно 10 лица директно влкучени за реализација на истиот.

За **мобилизирање на граѓаните за учество на буџетскиот форум**, општината, заедно со модераторот, координаторот и ОГ, користеше повеќе техники, со кои беа опфатени најразлични целни групи. Беа одржани средби со претставници на бизнис заедницата и граѓанските организации, со пензионерите, ромската популација, месните заедници, младите и други интересни групи. Истовремено, граѓаните се мобилизираа со официјални покани, лични и телефонски контакти, веб страницата на општината, фејзбук страниците на општината. Членовите на Работната група беа информирани телефонски и со покана на вибер.

## Работа помеѓу сесии - пред и после сесиите

**Во извештајниот период, од страна на работната група беше одржана работилница на 12.11.2024 година во 11:30 часот**. Работната група имаше за задача да ги разгледа предлозите по буџетските програми дадени на втората и третата форумска сесија за презентираните 10 Предлог годишни оперативни програми на општината за 2025 година.
Во извештајниот период, **работната група** одржа еден состанок. На состанокот учествуваа вкупно 10 лица (3 мажи и 7 жени). Сите членови на Работната група се Македонци, а ја сочинуваат по најмалку еден претставник од формираните работни маси: Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, Јавни дејности, Комунални дејности, Култура, Економски развој, Општинска администрација и раководителите на сектори и одделенија од општината.
На средбата на Работната група беа дискутирани предлозите на граѓаните за приоритетите за развој, проектираните приходи на општината за 2025 година и предлозите дадени од граѓаните. Притоа, можеше да се заклучи дека голем дел од граѓанските предлози се совпаѓаат со приоритетите на општината, а имаше повторување и меѓу работните маси. Имаше и прифатени предлози кои се дадени како предлог за една, но реално се во надлежност на друга програма.

По детална анализа на предлозите – проектите од страна на работната група беше утврдена листата од 45 предлози за приоритизација на четвртата форумска сесија. Општ заклучок е дека најголем дел од предлозите на граѓаните се прифатени од страна на општината.
Работната група ја утврди и листата на граѓанските предлози кои не беа прифатени да станат дел од приоритетите за 2025 година и ќе бидат дадени како препораки на органите на општината да ги имаат предвид во своите идни планирања.
Во подготовката, пред, и по одржаните форумски сесии во месеците октомври-ноември, оперативната група одржа вкупно два состаноци за спроведување на 4 форумски сесии, но членовите на ОГ имаа редовна комуникација во вибер група за подготовка и реализација на планираните активности. На средбите членовите на ОГ ги вршеа подготовките за мобилизација на граѓаните за учество во форумскиот процес, како и сите останати организациски и технички подготовки.

ОГ работеше крајно координирано, според утврден распоред и меѓусебна поделба на задачите пред, за време, и по одржувањето на форумските сесии. Ги подготвуваа поканите, материјалите за форумските сесии, освежувањето, распоредот на работните маси и другите потребни ресурси. Општ заклучок е дека немаше никакви пропусти околу ангажманот и извршувањето на задачите од страна на ОГ. Инаку, во ОГ, заедно со модераторот и општинскиот координатор, вклучени се 10 лица (8 жени и 2 мажи). Осум лица од ОГ се од локалната самоуправа и лице за односи со јавноста. Во соработка со ООУ, Свети Јоаким Крчовски сите четири сесии беа организирани и се одржаа во атриумот на ООУ"Свети Јоаким Крчовски" односно сала Партизан.

Во подготовката и за време на досегашниот форумски процес се одвиваше континуирана и секојдневна комуникација со модераторот, координаторот, општинската администрација, експерти и други лица од општината, како и со градоначалникот на општината. Целта на секојдневните контакти беше подготовка на потребните информации и материјали за форумските сесии и нивна навремена изработка. Покрај ОГ, во подготовката на сесиите активно беа вклучени околу 12 лица од општината односно раководителите на одделенијата во чија надлежност е подготовката на буџетот, финансиското работење и буџетските програми.

***Преглед на профилот на ОГ***

| **Општина** | **Број на членови на ОГ** | **Број на мажи** | **Број на жени** | **Етничка застапеност (малцинства)** | **Застапеност на целна група** |
|---|---|---|---|---|---|
| Крива Паланка | 10(заедно со координатор и модератор) | 2 (20%) | 8 (80%) | // (0%) | (100%)општина, |
| ОГ - претставник од Комисија за еднакви можности | | | | | Не |
| ОГ - претставник од Комисија за односи меѓу заедниците | | | | | Не |

| **Општина (број на жители)** | **Број на учесници** | **целни групи - учесници на средбите** |
|---|---|---|
| Крива Паланка<br>18.059 | 235 | Директори, раководители и вработени во државни, општински и јавни институции на локално ниво, НВО и бизнис сектор,МЗ, пензионери и граѓани |
| | | |

## *1.2* ФОРУМСКИ СЕСИИ

**Првата форумска сесија** се одржа на 18.10.2024 во атриум салата на ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски,, во периодот од 12 до 15 часот часот и беше комбинација од две сесии.
На сесијата присуствуваа вкупно **72** граѓани од кои **43** жени и **29** мажи, 71 македонци и 1 србин.
На самиот почеток од буџетската форумска сесија во Општина Крива Паланка, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните граѓани и гости.
Ги запозна присутните со дневниот ред, истакна дека дневниот ред има два дела и тоа:

- **Првиот дел** од форумската сесија всушност е 5-та последователна форумска сесија од форумскиот процес за 2024 година. Запознавање со реализацијата на буџетот на општината заклучно со 30.09.2024г. и статусот, реализацијата на форумските приоритети од буџетскиот форумски процес за подготовка на буџетот за 2024 година.
- **Вториот дел** од форумската сесија е прва форумска сесија на буџетскиот форум на Општина Крива Паланка во кој е претставен форумскиот процес за подготовка на буџетот на општината за 2025 година.

По запознавање со целите, резултатите и текот на форумската сесија дневниот ред беше едногласно усвоен од форумот.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски во своето обраќање ги поздрави присутните граѓани-учесници, искажа благодарност за големиот интерес за учество во спроведувањето на буџетскиот форум и посака пријатна работна атмосфера.

Присутните претставници од јавни институции, здруженија, невладини организации, ги запозна дека со буџетот за 2024 година **од вкупно 40 приоритети кои станаа дел од програмите и буџетот на општината за 2024 г. целосно се реализирани 19 проекти или 47,50%, во фаза на реализација се 11 проекти или 27,50%, делумно се реализирани 2 проекти или 5%, не се реализирани 8 проекти или 20% .**

“Како општина и како локална власт постојано сме во дослух со граѓаните како што и се обврзав пред 3 години и овој модел на носење на програми преку приоритети на граѓаните е нешто што навистина е во насока на реализација на капитални, круцијални проекти и истовремено решавање проблеми на граѓаните. Морам да нагласам дека општината има релативно мал буџет, тековни оперативни расходи, плати на администрацијата, така што, правиме се што е во наша моќ да ги користиме сите можни расположливи програми и ресурси за финансирање на зацртаните проекти и затоа ќе кажам дека се што е направено и во 2024 година, но и во минатата година, навистина е импозантно, според суми и реализација на проекти, на што можат да ни завидат и многу поголеми општини.

Уште од првиот ден од мандатот до денес - секојдневно, заедно општинските служби, со администрацијата и советниците, работиме неуморно и посветено на сите приоритети и проблеми во општината. Во изминатите 36 месеци се реализирани многу инфраструктурни проекти, од социјална сфера, проекти од културата, јавни дејности, хортикултура, спорт, млади...

Приходите на Буџетот на општината главно се собираат преку даноците кои ги плаќаат фирмите и граѓаните. **Оваа година износот на сопствени приходи на основниот буџет изнесува 140.241.625,00 денари** – споредбено со претходните 5 години е најголем."

Исто така ке дадам краток осврт за сработеното и сето она што ќе следи:

- ✓ Гордост на секој Паланчанец е титулата што годинава ни е доделена Крива Паланка да биде **Град на културата за 2024.**
- ✓ Посебно задоволство е кога за општината- за овој наш единствен дом се зборува во суперлатив **Втор најчист град во државата.**
- ✓ Развојот на градот е видлив, градот се менува и развива постојано, а нов сериозен исчекор е донесениот **Новиот генерален урбанистички план - ГУП.**
- ✓ Во патна инфраструктура **во 2022 год. вложивме околу 120 милиони денари, во 2023 год. вложивме речиси 2 милиони евра или 113 милиони денари, во 2024 продолжуваме да инвестираме и вложуваме во патна инфраструктура околу 90 милиони денари.**
- ✓ **Градиме пешачки патеки со нови локации за рекреација на жителите, во изминатите три години инвестирани се 39 милиони денари.**
- ✓ Во изминатите три години исто така се вложени над **100 милиони денари за изградба и уредување на речни корита, нови водоводни и канализациони системи.**
- ✓ Се грижиме за најмладите – **децата се нашата иднина. Вложуваме во областа на детска заштита за 3 години инвестирани се над 32 милиони денари.**
- ✓ Инвестираме во областа на образованието - нови мерки и субвенции со кои директно им помагаме на учениците: **субвенции за секој матурант, нови униформи, субвенции за ученици запишани во прва година, првачиња.**
- ✓ Поддршка на младите – доделуваме субвенции за **: набавка на дигитален уред, набавка на велосипед, стипендирање на успешни спортисти.**
- ✓ **Детска инфраструктура за три години изградени и уредени се над 10 детски катчиња.**
- ✓ **Исто така издвојуваме буџетски средства за субвенции за лица од ранливите категории.**
- ✓ **Спорт и млади изградба на Е Фитнес зона, ПАМП-ТРАКА, повеќенаменско игралиште, градскиот базен ставен во функција, изградба на фудбалски терен со вештачка трева на спортскиот комплекс.**
- ✓ Следува изградба на **Катна гаража** вкупна вредност 140 милиони денари.
- ✓ Нов урбан лик на градот носат проектите за **реконструкција на петте градски мостови** вредни 40 милиони денари.

На крајот од своето обраќање Градоначалникот искажа благодарност за интересот и големиот одзив за учество на сите присутни во спроведувањето на буџетските форумски процеси, при што нагласи дека како транспарентна, отчетна и одговорна општина, и овој пат сме тука да ги слушнеме вашите предлози, да дискутираме и заедно да сублимираме, како и каде најдобро да ги насочиме општинските средства, за тоа е доказ веќе сработеното рече во обраќањето, градоначалникот на Крива Паланка, Сашко Митовски. Се заблагодари на тимот на општината-оперативната група за успешната организација спроведување на процесот и посака среќна и успешна работа.

**Една од главните цели** на првата форумска сесија од родово одговорниот буџетски форумски процес за подготовка на буџетот за 2025 година е и подигање на свеста и капацитетите на граѓаните за потребата од вклучување на родовата димензија во стратешкото и годишното оперативно планирање и програмирање и запознавање на граѓаните со форумскиот процес, како најцелисходна алатка за партиципативно вклучување на граѓаните во одлучувачките процеси во заедницата и запознавање со процесот на буџетирање и структурата на буџетот во општина Крива Паланка, како главен инструмент преку кој општината ги реализира своите надлежности.

Димитар Петровски од одделението за финансиски прашања ги поздрави присутните граѓани и гости искажа благодарност за интересот и големиот одзив. Ги запозна присутните со реализацијата на **приходите и расходите во Буџетот на Општина Крива Паланка** заклучно со 30.09.2024 година.
При што ги презентираше **Приходите на буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година (1 ребаланс ) се планирани на износ од 703.155.196 денари, а согласно пропишаната економска класификација истите се реализирани заклучно со месец септември (53% реализација).**

**Расходите на Општина Крива Паланка (со 1 Ребаланс) за 2024 година се планирани на износ од 703.155.196 денари од кои:**

- **Утврдени намени.............690.315.196 ден.**
- **Резерви.................................. 300.000 ден.**
- **Отплата на главнина......... 12.540.000 ден.**

**Приходи од сопствени извори**

- Локални даноци;
- Локални такси;
- Локални надоместоци;
- Приходи од сопственост;
- Приходи од донации;
- Приходи од парични казни;
- Приходи кои се остваруваат од персонален данок од доход и
- Приходи од самопридонес.

**Расходите на буџетот на локалната самоуправа се состојат од:**

- **Тековни трошоци** (плати и надоместоци, резерви, трошоци за набавка на стоки и услуги, тековни трансфери , каматни плаќања, социјални бенефиции и отплата на главница);
- **Капитални трошоци** (купување на опрема и машини, други градежни објекти, вложување на нефинансиски средства , купување на возила).

По презентациите беше отворена дискусија, на која никој не побара збор.

**Буџетскиот форум** претставува платформа за структуирани дискусии и предлози за распределба на буџетските средства во општината, на која тема на расправа е буџетот на ЕЛС за наредната година. Резултатот од буџетскиот форум пак, треба да биде усвоен општински буџет во консултација со граѓаните. Митовска ги истакна целите кои треба да се постигнат со имплементацијата на буџетскиот форум преку градење на капацитети, создавање на локални партнерства, партиципативното учество на граѓаните во подготовка на буџетот и слично. Истовремено, модераторот го објасни коцептот на програмата, како и раководењето на процесот и форумската структура. Воедно, беше презентирана и динамиката на работа низ сите 5 сесии (4+1), целите на секоја од нив поединечно, како и процесот на следење на спроведувањето на форумските приоритети од страна на општината.

По презентациијата следуваше објаснувањето од страна на модераторот за структурата на форумот по работни маси и концептот за работа на форумските сесии, и се формираа следните работни маси:

1. Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина;
2. Комунални дејности
3. Култура
4. Јавни дејности (Образование, млади, спорт и социјални работи)
5. Економски развој и туризам
6. Општинска администрација
7. Оперативна група

По формирањето на работните маси модераторот, ги објасни начелата и правилата за работа на форумот. **Правилата за работа од страна на модераторот беа ставени на гласање и едногласно усвоени од страна на форумот.**

По усвојување на правилата за работа на форумот беа презентирани стратешките развојни приоритети на општината за 2025 година преку кратка презентација на стратешките развојни цели за 2025 година, низ призмата на утврдените стратешки области, кои произлегуваат од стратешките документи, донесени и усвоени од страна на Општина Крива Паланка.

- **<u>Стратешки цели за родово одговорен одржлив развој на Општина Крива Паланка за 2025:</u>**
    - **Родово одговорна стратегија за оджлив развој на општина Крива Паланка 2022-2027**
    - **План за локален економски развој 2024-2027**
    - **Стратегија за развој на туризмот 2020-2025;**
    - **Социјален план на општината 2021-2024;**
    - **Стратегија за управување со ризици на општината;**
    - **Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022-2026;**
    - **Стратегија за млади на општина Крива Паланка 2019-2024**

- **<u>Родово одговорен одржлив развој на Општина Крива Паланка во 2025</u>**
  ***<u>-стратешки области и цели-</u>***

1. **Стратегиска област - Економски развој**
2. **Стратегиска област – Спорт**
3. **Стратегиска област – Култура**
4. **Стратегиска област – Туризам**
5. **Стратегиска област – Е-управување**
6. **Стратегиска област – Образование**
7. **Стратегиска област – Млади**
8. **Стратегиска област – Заштита на животната средина и енергетска ефикасност**
9. **Стратегиска област – Социјална и здравствена заштита**

**Реализирани активности во 2024**

- ✓ **Отчет на Градоначалникот**
- ✓ https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39809

**Планирани активности во 2025**

- ✓ **Предлог годишни оперативни буџетски програми за 2025**

Модераторот отвори дискусија на која за збор се јави претставник на Невладината Агропаланчанка каде што тој побара од форумот и од општинската администрација да се стави акцент на развојот на руралните средини. Во годишните оперативни програми да бидат застапени повеќе предлози кои се однесуаат на подобрување на условите за живеење на луѓето од руралните средини.

Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на првата форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на втората форумска сесија, закажана за **25.10.2024 год.(петок**).

**Втората форумска сесија** се одржа на 25.10.2024 година, во атриум салата на ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски,, во период од 12 до15 часот часот:

Форумската сесија беше **Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година** на која беа презентирани пет предлог програми и тоа: **програма за изработка на урбанистички планови, програма за заштита на животна средина, програма за социјална, детска и здравствена заштита, програма за економски развој и предлог програма за млади.**

На форумската сесија присуствуваа **56** граѓани на Општина Крива Паланка од кои **42** жени и **14** мажи, сите Македонци.

На самиот почеток од буџетската форумска сесија во Општина Крива Паланка, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните граѓани и гости, го презентираше дневниот ред и целите на втората форумска сесија, појаснувајќи дека на втората сесија ќе бидат

претставени расходите за 2024 година и проектираните расходи за 2025 година, како и дел од буџетските програми што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија. Откако дневниот ред за работа беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот модераторот Митовска потсети на работата на првата форумска сесија за процесот на буџетирање и структурата на буџетот. Ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат. Никој не се јави за збор и записникот без забелешки беше усвоен од страна на форумот.

На втората форумска сесија се презентираа вкупно пет буџетски програми, во кои беше даден детален опис за сите ставки и подставки на програмите за 2025 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - **Маја Костадиновска** беа презентирани две програми: **Предлог програма за изработка на урбанистички планови** и **Предлог програма за заштита на животна средина** за 2025 на подрачјето на општина Крива Паланка. **Елена Христовска** ја презентираше **Предлог програмата за социјална, детска и здравствена заштита** за 2025 година на Општина Крива Паланка, а од страна на одделението за Локален економски развој, **Валентина Ангеловска** презентираше две програми: **Предлог програма за економски развој** за 2025 и **Предлог програма за млади** за 2025 год.

По презентацијата на расходите по **Програмата за изработка на урбанистички планови** за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јавија четворица дискутанти, двајца мажи и две жени, а на секое поставено прашање Раководителот на Сектор - Маја Костадиновска даде соодветен одговор.

- Ангелина Ѓошевска - праша дали позади детската градинка покрај речното корито на Крива Река има некои измени, пренамена или нов ДУП?

Костадиновска одговори дека нема нова постапка за урбанистички план, има мали измени, може да се поднесе барање за одобрение за градба.

- Игор Ангеловски – праша дали има ДУП од Лилаков Мост до Нас. Домачки Дол – десен брег на Крива Река?

Костадиновска одговори дека нема ДУП за десен брег – има проблем со пристапните патишта заради пругата. Со новиот ГУП може да се изработуваат дел од деталните урбанистички планови кои не се во опфат на железничката.

- Жаклина Цветковска – праша дали реновирањето и доградбата на градската црква е по урбанистички план?

Раководителката со одговор дека црквата досега нема поднесено никакво барање до одделение за урбанизам.

- Ангелина Ѓошевска – праша дали има решение за постарите национализирани места од 60-70 години со постари индивидуални стамбени згради?

Костадиновска одговори дека треба да се донесе нов ДУП.

- Јане Денковски – праша дали општината има ново решение за Калин Камен нов ГУП или ДУП ?

Костадиновска даде одговор дека општината досега посвети многу внимание за уредување на Калин Камен:

- Нов водовод само за Калин Камен
- Нов план за изградба на викенд населба (50 објекти) – парцелите ќе одат на јавно наддавање
- Проект за изградба на адреналински парк
- Проект за изградба на хотел

По затворање на дискусијата за програмата секоја работна маса даде свои предлози и тоа вкупно 9

Презентацијата на расходите по **Програмата за заштита на животна средина** ја презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата сите прашања беа упатени до Раководителот Маја Костадиновска и таа даде соодветен содговор на сите поставени прашања.

Се јавија двајца дискутанти, двете жени.

- Жаклина Цветковска – праша: До каде е процесот за дислокација на градската депонија? “Со изградба на регионална депонија која е во надлежност на североисточен плански регион, постоечката депонија ќе се затвори како што е предвидено со проектот за регионална депонија.”одговори Костадиновска.

-Ангелина Ѓошевска – праша: Што е целта да се доделат по две канти за отпад на секое семејство?
Маја одговори дека целта е селекција на отпад (мешан отпад и биоразградлив отпад )
По самата Предлог програма од работните маси беа дадени вкупно 9 предлози.

Презентацијата на расходите по **Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита** ја презентираше – Елена Христовска соработик за социјална, здравствена и детска заштита од одделение за јавни дејности.

По презентацијата на расходите по **Програмата за социјалната, детската и здравствената заштита за 2025 година** беше отворена дискусија за збор се јавија две дискутантки:

-Жаклина Цветковска – праша: Програмата- социјалниот план завршува 2024 год. Што понатака?
Елена даде одговор дека Поголем дел од социјалниот план е реализиран, а услугите кои не се реализирани ке бидат вметнати во новиот план за 2025 год.

- Ангелина Ѓошевска – праша: Каде може да се аплицира – поднесе барање за услугите од социјала кои ги доделува општината?
Елена одговори дека секој граѓанин на општината кој ги исполнува условите може да поднесе барање во општината-архива.

Презентацијата на расходите по **Програмата за економски развој** ја презентираше – Валентина Ангеловска од одделението за јавни дејности.

По презентацијата на расходите по **Програмата за економски развој за 2025 година** беше отворена дискусија за збор се јави:

- Марица Николовска – праша: Што со одржувањето на туристичките атракции ако на пример Станечки Водопади, Патеката по вада, кој е задолжен за понатамошно оддржување?

По самата програма беа дадени вкупно 11 предлози од сите работни маси.

Презентацијата на расходите по **Програмата за млади за 2025 год**. ја презентираше – Валентина Ангеловска од одделението за јавни дејности.

По презентацијата на расходите по Програмата за млади 2025 година беше отворена дискусија.
Никој не се јави за збор. Вкупни дадени 7 предлози од сите работни маси.
Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на втората форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на третата форумска сесија, закажана за **29.10.2023 год. (вторник**).

**Третата буџетската форумска сесија** која се одржа на **29.10.2024** г. во атриум салата на ООУ ,,Јоаким Крчовски,, во период од 12 до 15 часот часот всушност беше **Презентација на расходите по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2025 година** на која беа презентирани пет предлог програми и тоа: Предлог програма за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа, Предлог програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа, Предлог програма за култура за 2025 год, Предлог програма за активности на општина Крива Паланка во областа на спорт и Предлог програма за активности на општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година.

На форумската сесија присуствуваа **51** граѓани на Општина Крива Паланка од кои **33** жени и **18** мажи, 50 Македонци и еден Ром.

На почетокот на третата форумска сесија, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните учесници, повторувајќи го накратко значењето за одржувањето на **„Родово одговорен буџетски форум“.** Таа потсети дека целта е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2025 година. Притоа, посочи дека нивните размислувања и дискусии треба да бидат насочени кон реалните финансиски можности на општината за реализација на приоритетни проекти, а не исклучиво од нивните желби, потреби и проблеми, колку и да се тие од приоритетен карактер. По утврдување на дневниот ред кој беше едногласно усвоен, модераторот Лидија ги повика присутните да го разгледаат записникот од втората форумска сесија, отвори дискусија и откако никој не се јави за дискусија и без забелешки беше усвоен Записникот, се распределија работните маси и форумот започна со работа.

На сесијата беа презентирани вкупно пет буџетски програми, во кои беше даден опис за сите ставки и подставки на програмата за 2025 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Презентацијата на расходите по **Програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025** ја презентираше Раководителот на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај - Никола Граматиков.
По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција и оддржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јавија шест дискутанти 3 мажи и 3 жени:
-Едита Поцевска –"дали во програмата има предвидено менување на цевководот од Касарна надолу?"
По секое поставено прашање Раководителот Никола Граматиков одговараше, одговори дека првата замена на азбесни цевки е пред 15 години и опфатено е 80-90 проценти од централното градско подрачје и приградските населби. Главниот цевковод генерално е во добра состојба, проблем е цевководот од главната линија до самите корисинци односно од главната линија до индивидуалните згради – куќи.
- Анѓелина Ѓошевска – праша дали има решение за Дурачка Река? – многу е загадена. Кадиска Чешма, истекуваат фекалии во реката,водата е загадена, заматена и лошо мириса.
Никола одговори дека тоа е во надлежност на ЈП Комуналец повеќе информации може да добијат таму.
-Ванчо Велковски – праша за Реонски водовод с. Костур, с. Узем, с. Жидилово, многу често нема вода особено во летниот период – има многу диви приклучоци дали некој е надлежен и запознаен со тој проблем?
Раководителот одговори дека овој проблем се јавува и кај сите други водоводи, истиот проблем е и кај Вирови Грамаѓе па затоа и не функционира, нема можност за контрола и поради тоа трасата се менува. Повеќе информации може да добиете во ЈП Комуналец и во одделение за инспекциски надзор.
-Едита Поцевска– праша кој е надлежен дали општината или ЈП Комуналец за тоа што има многу шахти оставени отворени и не се покриени?
-Зоран Станковски – праша За квалитетот на водата особено во центар секогаш е матна?
Никола даде одговор дека Водата редовно се испитува, Комуналец редовно зема мостри за испитување. ЈП Комуналец е надлежен. Проблемот најверојатно е од дистрибуцијата од резервоарот во секундарната мрежа.
-Галип Демиров – дали некогаш ќе има пристап до канализациона мрежа горниот дел од Нас. Единство од Ловачки нагоре.
Вкупно дадени 12 предлози од работните маси.

Презентацијата на расходите по **Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа** ја презентираше Раководителот на одделение за комунална инфраструктура и сообраќај - Никола Граматиков.
По презентацијата на расходите по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јави:
-Анѓелина Ѓошевска – праша: Дали во планот е ставен паркот кај Кадиска Чешма и патот накај чешмата зошто е во многу лоша состојба?
Раководителот даде одговор: Да, во планот е во опфат и улица 11-ти Октомври ќе се реконструира.
-Едита Поцевска – праша: До каде е експропријацијата за делот од поранешна Касарна до Пелагонија и замоли за покани за сопствениците кога ќе се излегува на лице место.
Граматиков одговори дека: Има цела документација има одобрение, а кога ќе се обезбедат средства за реализација тогаш ќе почне процесот на експропријација.
По завршената дискусија , работните маси ги дадоа своите предлози за Програмата, вкупно 12.

Презентацијата на расходите по **Предлог програма за култура за 2025**. год. ја презентираше –Даниела Велковска - раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот.
По презентацијата на расходите по Предлог програма за култура за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јавија тројца дискутанти, сите жени:
-Едита Поцевска – Како предлог даде да не се издвојуваат парични средства за фестивалот на храна. И да се скратат парични средства за за странски изведувачи.
-Марица Николовска – Да се скратат парични средства за култура. И праша дали оваа година ќе бидат издвоени парични средства за Џој Фест?

Даниела одговори дека 300.000 денари се одвоени за Џој Фест.
-Михаела Јанковска – Се јави во име на младите рече дека ја подржуваат програмата за култура на општината со која заживува градот и има зголемен број на туристи.
Од страна на работните маси за презентираната програма беа дадени вкупно 14 предлози.

Презентацијата на расходите по **Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025** ја презентираше – Даниела Велковска - раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот.
По презентацијата на расходите по Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јавија две дискутантки:
-Едита Поцевска – праша: Колку е поединечна стипендија?
Даниела одговори дека стипендијата е 3000 денари и се доделуваат по 9 месеци.
-Анѓелина Ѓошевска – праша: Дали стипендиите одат во прави раце и даде предлог месечно да се зголеми на 5000 денари.
Вкупно 8 предлози од страна на работните маси се дадени по презентација на Програмата.

Презентацијата на расходите по **Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година** ја презентираше - Даниела Велковска - раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот.
По презентацијата на расходите по Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година беше отворена дискусија за збор се јавија четворица дискутанти еден маж и три жени:
-Ванчо Велковски – праша: Дали субвенционираниот превоз е само за студенти на државните универзитети или и за студенти на приватните универзитети?
Даниела даде одговор дека стипендиите се наменети само за студенти на државните универзитети во Скопје, проблем за превоз до универзитетите во другите градови е што нема превоз – директни линии.
-Михаела Јанковска – праша: Дали со ланч пакетите се опфатени и подрачните училишта?
Даниела одговори дека се опфатени и подрачните училишта.
-Марица Николовска – Како предлог даде да се помогне на училиштата во набавка на музичка, спортска и друга опрема.
-Ангелина Ѓошевска – праша: Дали општината помага на матурантите во субвенционирање на фотографии за матурско табло, се надоврза Михаела Јанковска ученичка од 4 година и рече дека секоја генерација одлучува сама дали ќе има табло и колку слики ќе има.
Вкупно 10 предлози од страна на работните маси се дадени по презентација на Програмата.

**Четвртата форумска сесија** на родово одговорниот буџетскиот форум во Општина Крива Паланка се одржа на **13.11.2024 г.** во атриум салата на ООУ ,,Јоаким Крчовски,, во период од 12 до 14 часот часот беа презентирани севкупните резултати, предлозите и препораките на граѓаните, произлезени од претходните три сесии на родово одговорен буџетски форумски процес.
На форумската сесија присуствуваа **56** граѓани на Општина Крива Паланка од кои **36** жени и **20** мажи, сите Македонци.
На почетокот од сесијата, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните граѓани и гости. Им се заблагодари за нивното присуство и за нивниот придонес во самиот буџетски процес. Повторно ги потсети граѓаните дека целта на целиот родово одговорен буџетски процес е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината за 2025 година. По презентирањето на дневниот ред, истиот беше едногласно усвоен и Форумот започна со работа.

Модераторот Митовска потсети на работата на Форумот на претходните три сесии. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот од третата форумска сесија, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат. Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од третата форумска сесија, немаше пријавено никој за дискусија. Потоа записникот од третата форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

Помеѓу третата и четвртата форумска сесија работната група на **12.11.2024** година во 11:30 часот одржа работилница. Работната група која присуствуваше во расправа на предлозите – проектите од буџетскиот форумски процес на Општина Крива Паланка имаше за задача да ги разгледа предлозите по буџетските програми на општината како и предлозите од граѓаните на форумот дадени на втората и третата форумска сесија, заедно со општинската администрација во рамки на презентираните 10 општински буџетски програми.

Од страна на Г-ѓа Жаклина Цветковска од работната маса - Комунални дејности на присутните на форумот им беше презентиран **Извештајот од работната група**.

Тема на расправа на работната група беа предлозите за расходите на буџетот на општината за 2025 година во рамки на 10 буџетски програми дадени од граѓаните на 2-рата и 3-тата форумска сесија и тоа: вкупно презентирани и дискутирани Буџетски програми 10 (десет), вкупно предлози од граѓаните **99** од кои **7 (седум)** предлога се повторуваат; **10 (десет)** предлога даваат целосна подршка на предлог програмските активности на општината; **6(шест**) предлога не се во надлежност на општината односно од вкупно **75 предлози, 45 ПРЕДЛОЗИ ИЛИ 60% СЕ ПРИФАТЕНИ И СЕ ДЕЛ ОД ПРИОРИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА ЗА 2025 ГОДИНА.**

Листата со Предлози кои се прифатени од општината и ставени на гласачкото ливче за приоритизација беа презентирани пред присутните.

Модераторот се заблагодари на работната група за презентираниот Извештај и продолжи со презентација на **Извештајот на општина Крива Паланка за резултатите од Форумскиот процес со три одржани сесии, формирани седум работни маси (шест со право на глас и една без право на глас),во просек 57 присутни на сесиите (38 жени и 19 мажи), презентирани 10 Предлог програми, по однос на презентираните програми дадени вкупно 99 предлози од кои некои е повторуваат, дел не се во надложност на општината, дел се веќе опфатени со програмите и од нив 45 предлози се прифатени да бидат дел од годишните програми на општина Крива Паланка за 2025 година.**

Пред да се стават на гласање предлозите модераторот детално го објасни начинот на гласање и регулирањето на правото на глас:

- Право на глас има секој граѓанин кој присуствувал најмалку на 3 форумски сесии
- Маса општинска администрација има еднакво право на глас
- Маса оперативна група нема право на глас
- Гласањето се одвива по работните маси и сите работни маси започнуваат да гласаат во ист момент
- На сите работни маси ќе се поделат ливчиња

Членовите на ОГ ја финализираа табелата на присутност, за граѓаните бидат информирани кој има право на глас, а кој не во текот на гласањето на приоритетите. Табелата за присутност беше видлива за сите присутни и модераторот повика доколку има некои забелешки да се обратат до членовите на оперативната група, по што форумот продолжи со работа.

Согласно Правилата на форумот формираната работна група имаше за задача да се состане и да дискутира и да ги презентира пред форумот предлозите за кои ќе се гласа, па од страна на Работната група беше презентирана и листата со предлози на граѓаните за приоритизирањето на проектите кои беа дискутирани на 2-рата и 3-тата форумска сесија од кои 45 предлози се ставени на листата за гласање.

Од страна на оперативната група беше поделено гласачкото ливче на секоја работна маса со право на глас и работните маси преминаа на разгледување на прифатените предлози и нивна приоритизација. Од страна на секоја работна маса беа доделувани поени и тоа за најприоритетен предлог 45 поени и така натаму. Презентирањето на бодовите започна откако сите маси завршија со работа и на крај беа приоретизирани предлозите според следниот редослед:

| Број | Назив на проект | Бод | Буџет мкд |
|---|---|---|---|
| **1** | Отварање на Младински центар и младински културен центар. **(22)** | **241** | 600.000,00 |
| **2** | Да се уреди Кадиска чешма за да може да се користи во дадени ситуации<br>(да се даде на некој да ја одржува). **(42)** | **203** | 50.000,00 |
| **3** | Изградба на велосипедска патека покрај кејот на Крива Река. **(40)** | **201** | 5.812.490,00 |
| **4** | Урбанистички план-пристап Бегови Бавчи кон Илинден. **(5)** | **197** | 600.000,00 |
| **5** | Формирање на туристичко биро на Општина Крива Паланка. **(17)** | **193** | 300.000,00 |
| **6** | Превземање соодветни мерки за кучиња скитници **(45)** | **193** | 1.000.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Едукативни работилници за врсничкото насилство и ментално здравје. **(37)** | **192** | 18.000,00 |
| 8 | Урбанистички план за с.Градец-Викенд населба,Испосница -старо училиште.**(1)** | **191** | 500.000,00 |
| 9. | Соодветни (места) пракси на учесниците од средно образование. **(20)** | **177** | Без буџетски импликации Во соработка со СОУ Ѓорче Петров и Локален Економски Совет |
| 10 | Санирање на т.н. Војничка чешма во с.Жедилово на самиот војнички пат непосредно до гранична линија,кај граничниот камен 100. **(41)** | **176** | 50.000,00 |
| 11 | Комплетна реконструкција на паркчето и мостот кај Риплеј кафе и негово осветлување.**(43)** | **174** | 300.000,00 |
| 12 | Поддршка на локалните уметници – работници и локалните занаети.**(32)** | **171** | 60.000,00 |
| 13 | Урбанистички план-соодветен пристап до мостот кој ги поврзува Бавчалк и зградите кај единство. **(4)** | **161** | 600.000,00 |
| 14 | За замена на цевките во колективните стамбени згради (кој е одговорен) населението да биде известено за начинот на неговото учество во тоа -Ургентно- кај кого треба да се обратат за да се информираат.**(25)** | **161** | Без буџетски импликации (Отворени денови-инспектор за домување и општинска администрација) |
| 15 | Подршка на училишните спортови.**(35)** | **161** | 300.000,00 |
| 16 | Стимулирање на ученици и наставници при одење на натпревари.**(38)** | **153** | 200.000,00 |
| 17 | Осветлување на патеката што води до Маневски мост. **(39)** | **149** | 3.000.000,00 |
| 18 | Урбанистички план за затворен базен. **(2)** | **146** | 370.000,00 |
| 19 | Контрола и казни за несовесни граѓани при фрлаање на отпад.**(10)** | **143** | Без буџетски импликации |
| 20 | Урбано планска документација за уредување на простор за домување на семејства(урбано планска документација за нови градби). **(6)** | **141** | 750.000,00 |
| 21 | Вклучување на училишните хорови и оркестри во сите општински настани ,а со тоа ќе се постигне и нивна поголема афирмација,драмски секции и рецитаторски. **(33)** | **140** | Без буџетски импликации |
| 22 | Воспоставување на регистар и програма за подршка на осамените лица во руралните средини со акцент на ридско-планинските средини. **(13)** | **137** | Без буџетски импликации |
| 23 | Урбанистички план за Стационар за бездомни животни.**(3)** | **136** | 250.000,00 |
| 24 | Дореализација на проектот и санирање на патот ,реконструкција на патот Саат – Ул.„8-ми Октомври“(кој беше оштетен од поплавите 2023 година).**(29)** | **136** | Буџет на ЈПДП |
| 25 | Дурачка река и Станци – патот да се рехабилитира. **(31)** | **136** | 2.000.000,00 |
| 26 | Обуки за „ Продажба на праг “ - за домашни производители на храна.**(19)** | **132** | 100.000,00 |
| 27 | Поставување одбележје на планинскиот врв Руен. **(18)** | **127** | 3000,00 |
| 28 | Служба за одржување и контрола на постоечките туристички капацитети (локалитети). **(44)** | **127** | 200.000,00 |
| 29 | Да се асфалтира патот кон стари градски гробишта. **(30)** | **121** | 1.000.000,00 |
| 30 | Редовно чистење и одржување на пропусните места,шахти. **(28)** | **120** | 200.000,00 |

Да се скратат средствата за некои културни настани:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **31** | -Предност да имаат нашите македонски пеачи;<br>-Вклучување на училиштата во повеќе манифестации. **(34)** | **120** | Без буџетски импликации |
| **32** | Чистење на дивите депонии. **(9)** | **118** | ЈП Комуналец |
| **33** | Обука на лична асистенција на лица со попреченост.<br>Инфо точка на информирање. **(16)** | **113** | Донаторска сметка |
| **34** | За одржување на јавна хигиена / јавни тоалети (водоводна и канализациона мрежа). **(26)** | **108** | 150.000,00 |
| **35** | Решавање на водоснабдување во с.Градец. **(27)** | **101** | 2.000.000,00 |
| **36** | Поставување ПАКОМАК машина на повеќе места. **(8)** | **98** | Без буџетски импликации |
| **37** | Кампања и едукација на граѓаните за селекција на отпад . **(11)** | **98** | 600.000,00 |
| **38** | Промовирање на економски и туристички капацитети за привлекување на инвеститори. **(21)** | **93** | 200.000,00 |
| **39** | Подршка на стари лица за ракување со средствата за комуникација (смарт телефони и слични уреди)вклучување на НБО. **(14)** | **87** | 10.000,00 |
| **40** | Зголемена соработка на младинскиот совет со општината за организирање на музички настани во соработка со градскиот базен. **(23)** | **87** | Без буџетски импликации |
| **41** | Промовирање на економски и туристички капацитети за привлекување на инвеститори. **(12)** | **85** | Без буџетски импликации |
| **42** | Да се тргнат контињерите пред музеј. **(7)** | **78** | ЈП Комуналец |
| **43** | Одбележување на денот на лица со попреченост. **(15)** | **70** | 30.000,00 |
| **44** | На општинските културни настани да се вклучат и повозрасните лица со учество во спортски активности. **(36)** | **67** | Без буџетски импликации |
| **45** | Одбележување на денот на млади. **(24)** | **62** | 40.000,00 |

Проектот за **„Отварање на Младински центар и младински културен центар„ беше избран за најприоритетен проект** од страна на учесниците на 4-та форумска сесија од буџетскиот форум, што се спроведе во Општина Крива Паланка. Овој проект доби најголема подршка од граѓаните во процесот на приоритизирање на вкупно 45 проекти, кои предходно беа преселектирани од страна на Работната група на форумот.

Пред сите присутните на форумот Г-ѓа Жаклина Цветковска од работната маса – Комунални дејности го честита изборот за приоритетните проекти. Во име на Форумот Цветковска се обрати до градоначалникот, советот и општинската администрација: “Ние граѓани и граѓанки учесници на форумот Ви ја доставуваме оваа листа со препораки да ги имате во предвид сите наши граѓански идеи во тековните работи и идни планирања на Општина Крива Паланка и да ги реализирате во рамките на своите надлежности. Листата со препораки и идеи да бидат патоказ за делување на општината во наредниот период и да бидат вклучени во програмските, стратешките и развојни приоритети на општината со цел да има задоволни граѓани.”

Листата на препораки беше предадена на раководителот на сектор за Општи и правни работи Ѓ-ца Даниела Велковска. При примопредавањето раководителот изјави дека од нејзино име и од име на градоначалникот и општинската администрација, општината ќе направи напори да ги реализира најприоритетните проекти кои што се произлезени од буџетскиот форумски процес, да се вградат и вклучат во Буџетските програми и Буџетот за 2025 година, како и препораките од форумот - “Како Општина сериозно ќе ги земеме во предвид и ќе бараме можности да ги реализираме вашите потреби и приоритети. Ние секогаш работиме во интерес на граѓаните. Исто така се заблагодари на модераторот, координаторот на форумот, на оперативната група и на сите присутни за успешно реализираниот Родово одговорен буџетски процес. ”

На крајот на сесијата беа номинирани по еден член од секоја работна маса во работната група за следење на реализација на форумските приоритети во текот на 2025 година.

Од секоја работна маса беа номинирани членови на работната група и тоа во состав:

1. Урбанизам, сообраќај и животната средина - **Сашо Цветковски**
2. Комунални дејности **– Жаклина Цветковска**
3. Култура – **Никола Митовски**
4. Јавни дејности – **Сања Станковска**
5. Економски развоји туризам - **Марица Николовска**
6. Општинска администрација – **Бранко Велиновски**

На самиот крај Митовска им се заблагодари на координаторот и оперативната група за успешната организација на Форумскиот процес, им се заблагодари на присутните уште еднаш за одвоеното време и присуството на сите форумски сесии, и ги покани да бидат активни и на наредните форуми.

## ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЈА

При спроведувањето на форумскиот процес немаше проблеми од техничка природа. Оперативната група заедно со координаторот и модераторот успешно ги реализираа родово одговорните буџетски форумски сесии. Проблемот со кој се соочува општината секоја година, а воедно е и регионален, е непостоењето на локални и регионални телевизии и радио, па социјалните медиуми и web страната на општината се единствените места каде може да се информираат граѓаните.

## ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕПОРАКИ И ПОНАТАМОШНИ ЧЕКОРИ

**Главен заклучок** - успешен форумскиот процес, Општина Крива Паланка заедно со граѓаните подготви во целост родово одговорен буџет кој ги таргетира различните потреби и приоритети на граѓанките и граѓаните, согласно Уставот, жените и мажите/граѓаните, лицата од ранливите категории во нашата држава се еднакви, но нивните потреби и приоритети се различни. Општина Крива Паланка е првата општина што во континуитет  реализира родово одговорен буџетски форумски процес во државата на кој граѓаните освен што предлагаат туку и општинската администрација која ги подготвува годишните оперативни програми со помош на ментор/експерт за родово одговорно буџетирање  вршеа родова анализа на своите предлози, дефинираа родови индикатори при што користеа родово сензитивен јазик, што беше од исклучителна важност како за општината кои предлози од граѓаните да ги прифати исто и за граѓаните што од листите за нив е по приоритетно.Овој форумски процес покажа дека грижата за сите, а посебно за младите е приоритет за општината. Доказ за ова е прво рангираниот приоритет од граѓаните.

Следните планирани активности се поврзани со организација, подготовка и одржување на петата така наречена последователна форумската сесија.
Од страна на Форумот формирана е Работна група за следење на спроведувањето на форумските предлози, препораки и проекти, која ја сочинува по еден претставник од сите 6 работни маси. Тие ќе ја следат реализацијата на форумските одлуки и на 5-та (последователна) сесија ќе дадат извештај за извршувањето на проектираните расходи по приоритетните буџетски програми и проекти, избрани од граѓаните.Членовите на Работната група од координаторот на буџетскиот процес ќе бидат информирани и поканети да присуствуваат и на седницата на Советот на Општина Крива Паланка, која треба да се одржи до крајот на месец Декември, кога на дневен ред ќе биде донесувањето на буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година.

**Координатор / Гордана Ристовска**

**Модератор / Лидија Митовска**

1. **Лилјана Стојановска**
2. **Виктор Петровски**
3. **Анкица Јаќимовска**
4. **Љупка Ангеловска**
5. **Емил Додевски**
6. **Валентина Димитровска**
7. **Викторија Тасковска**
8. **Билјана Ц.тасевска**

**20.11.2024 г.**

## ПРИЛОЗИ

### Прилог 1 - Прилози за статистички податоци за форумските сесии

– Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност
– Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително етничка застапеност
– Преглед на учесници на форумските сесии

***Прилог 1 -Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително етничка застапеност***

| Општина | | КРИВА ПАЛАНКА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Етничка застапеност | | Учесници на форумска сесија | | | | | | Учесници на работни маси | | | | |
| Офи.пода. | Сесија | 1 | 2 | 3 | 4 | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 16.675 (92,3%) | Македонци | 71 (98,6%) | 56 (100%) | 50 (98%) | 56 (100%) | # (%) | # (%) | 44 (61,1 %) | 47 (83,9%) | 44 (97,8%) | 49 (87,5%) | # (%) |
| 7 (0,038%) | Албанци | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 6 (0,033%) | Турци | 0 (%) | 0 (%) | 0(%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0(%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 447 (2,47 %) | Роми | 0 (%) | 0 (%) | 1(2%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0(%) | 1 (2,2%) | # (%) | # (%) |
| 5 (0,027%) | Власи | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 66 (0,36%) | Срби | 1 (1,38%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 2 (0,01%) | Бошњаци | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |
| 83 (0,45%) | Други | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) | # (%) | # (%) | 0 (%) | 0 (%) | 0 (%) | # (%) | # (%) |

**Да се наведат родовите и етнички чувствителните прашања (ако има и не повеќе од еден параграф):**
Ромската популација е со ниско образовно ниво и главно преокупирана со обезбедување на материјалната егзистенција, заради што има слаб интерес да се вклучи во буџетскиот форум.

*Прилог 2- Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност*

| **Општина** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Официјални** | **Број на жители** | **18.059** | **мажи/жени** | **#** |
| **Сесија** | **Број на учесници на форумска сесија** | **Мажи / жени** | **Број на учесници на работни маси** | **Мажи / жени** |
| *Прва* | **72** | **29 (40 %) / 43 (60%)** | **44** | **13 (30%) / 31 (70%)** |
| *Втора* | **56** | **14 (25%) / 42 (75%)** | 47 | **12 (25,5%) / 35 (74,5%)** |
| *Трета* | **51** | **18 (35%) / 33 (65%)** | 45 | **16 (35,5%) / 29 (64,5%)** |
| *Четврта* | **56** | **16 (28,5%) / 40 (71,5%)** | 49 | **14 (28,5%) / 35 (71,5%)** |
| **Последо-вателна** | **#** | **# (%) / # (%)** | **#** | **# (%) / # (%)** |
| *Просек* | **57** | **19 (33,3%) / 38 (66,7%)** | 46 | **14 (30%) / 33 (70%)** |

*Прилог 3 - Преглед на учесници по работни маси*

| **РМ 1: Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 7 | 8 | 6 | **7** | # | 28 |
| **жени** | 5 | 5 | 4 | 3 | # | 17 |
| **мажи** | 2 | 3 | 2 | 4 | # | 11 |
| **РМ 2: Комунални дејности** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| **вкупно** | 6 | 8 | 7 | **7** | # | 28 |
| **жени** | 2 | **4** | **4** | **3** | # | 13 |
| **мажи** | 4 | **4** | 3 | **4** | # | 15 |
| **РМ 3: Култура** | | | | | | |

| Сесија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | 7 | 10 | **9** | **9** | # | 35 |
| жени | 7 | 9 | **8** | 7 | # | 31 |
| мажи | 0 | 1 | 1 | 2 | # | 4 |
| **РМ 4: Јавни дејности** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| вкупно | 8 | 8 | 9 | 11 | # | 36 |
| жени | 7 | 7 | 7 | 10 | # | 31 |
| мажи | 1 | 1 | 2 | 1 | # | 4 |
| **РМ 5: Економски развој и туризам** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| вкупно | 4 | **7** | **7** | **8** | # | 26 |
| жени | 3 | **5** | 4 | 6 | # | 18 |
| мажи | 1 | 2 | 3 | 2 | # | 8 |
| **РМ 6: Општинска администрација** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| вкупно | 5 | 6 | 7 | 8 | # | 26 |
| жени | 2 | **4** | 2 | **4** | # | **12** |
| мажи | 3 | 2 | 5 | 4 | # | 14 |
| **РМ 7: Оперативна група** | | | | | | |
| **Сесија** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **вкупно** |
| вкупно | **7** | 8 | **8** | **8** | # | 31 |
| жени | 5 | 6 | 6 | 6 | # | 23 |
| мажи | 2 | 2 | 2 | 2 | # | 8 |

## Прилог 2 - www.krivapalanka.gov.mk

https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39761
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39911
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39804
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39761
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39780
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39751
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39708
https://www.krivapalanka.gov.mk/soopstenija/39684
https://www.krivapalanka.gov.mk/novosti/39892